**ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ (МСИП)**

**ЧЕКОРИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ЕУ ИПА ГРАНТОТ ЗА РУРАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

1. Општината поднесува проект (техничка документација) до Министерството за финансии, Единицата за имплементација на МСИП проектот (МСИП единица) согласно условите наведени во Јавниот повик за доставување на барања за користење на средства од ЕУ ИПА Грантот за рурална инфраструктура, објавен од страна на Министерството. (Сите општини корснички на ИПА средствата доставија свои апликации во зададениот рок)
2. МСИП единицата ги разгледува поднесените општински проекти и доставува известување до општината за статусот на нивната поднесена техничка документација.
3. Општината го доработува проектот, односно ја финализира техничката документација согласно известувањето од МСИП единицата. Општината може да користи помош од Единицата за имплементација на МСИП проектот за доработка на техничката документација.
4. Одобрување на техничката документација од страна на МСИП единицата.
5. Општината врз основа на одобрената техничка документација, подготвува Документ за оценка на проектот. Документот се подготвува на македонски јазик и треба да содржи информации за: социјалните и економските придобивки на проектот, влијанието на проектот врз животната средина, начинот на финансирање и изворите за обезбедување на финансиски средства. Општината може да користи помош од МСИП единицата. Документот за оценка на проектот се поднесува до МСИП едницата.
6. Во интерес на промовирање на основна транспарентност и отчетност во работењето, од општините-учесннички, се очекува да ги исполнат следниве дополнителни услови: (i) општината да има воспоставен механизам за повратни информации од учесниците – кој може да се подготви според советите и препораките на ЗЕЛС; (ii) позначајните документи кои го дефинираат работењето на општината кака што се: буџетите, годишните сметки, ревизорските извештаи, програмите за работа на општинските јавни претпријатија и сл., да бидат објавени на web страницата на општината, (iii) претпријатието за водовод/комунални услуги да учествува во ИБНЕТ програмата за одредување показатели.
7. Проектната единица го разгледува и оценува проектот и доставува препорака за негово финансирање со средствата од ЕУ ИПА Грантот до МСИП Координативниот комитет. МСИП Кординативниот комитет одобрува финансирање на проектот.
8. Министерството за финансии и општината склучуваат договор за ЕУ ИПА грант

согласно форматот на договор за грант кој е одобрен од Светска банка.

9. Општината го регистрира договорот за грант во Централната база на податоци за странска помош при Владата на Република Македонија.
 (Линк на кој може да се најдат подетални информации за начинот на регистрација на проекти финансирани со странска донација: http://www.sep.gov.mk/content/?id=97#.VdGLlrWLUVM)

10. Општината го регистрира проектот во Управата за јавни приходи согласно Упатството за остварување на ДДВ ослободување за проекти финансирани од странски донатори и ИПА фондови. (Подетални информации може да се најдат на следниов линк: http://www.ujp.gov.mk/mk/regulativa/opis/259)

11. Правата за ослободување од плаќање на останати јавни давачки како царини и акцизи се остваруваат согласно актите пропишани од страна на Министерството за финансии за соодветната јавна давачка.

12. Општината отвора посебна наменска сметка за евиденција на средствата од грантот во рамки на Единствената трезорска сметка на Република Македонија. Сметката треба да е целосно оперативна со буџет и план за реализација до моментот на склучувањето на договор за извршување на проектот.

13. Општината заедно со МСИП единицата спроведува процес на набавка, согласно правилниците на Светска банка за набавки на работи, стоки, услуги и консултанти.

14. Договор со изведувач/добавувач се склучува помеѓу општината и избраниот економски оператор.

15. Економскиот оператор во соработка со општината, треба навремено да ги превземе сите активности за да го оствари своето право на ослободување од ДДВ и други јавни давачки за проектот кој е финансиран со ИПА средствата.

16. Општината го имплементира проектот со постојана супервизија од страна на МСИП единицата.

17. Општината е одговорна за надзор над изведувањето на работите.

18. Плаќањата се вршат врз основа на времени ситуации/фактури, со трансфер на средства од МСИП единица на посебна наменска сметка на општината, и потоа општината во рок од 5 дена плаќа на договорната страна.

19. Светска банка и Европската унија, заедно со проектната единица може да вршат мониторинг на имплементацијата за проектот.

20. По завршување на имплементацијата на проектот и по неговото ставање во употреба, Општината континуирано ги следи резултатите од проектот и доставува годишни показатели за следење на резултатите од проектот до МСИП единицата.